| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Procedure Act: Between Tradition and Modernization | Public Administration, Faculty of Law, University of Zagreb | |
| | | **10.** | | Nastavni materijali - *Komparativna javna uprava*, Institut za javnu upravu- Zagreb 2015; | *Komparativna javna uprava*, Institut za javnu upravu- Zagreb | 2015 |
| | | **11.** | Eugen Pusić | "Država i državna uprava" | "Država i državna uprava", Zagreb | 1999 |
| | | **12.** | Stevan Lilić | Evropsko upravno pravo | Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu | 2011 |

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот** | **Антикорупциско право** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **предмет** | | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Административно право и Јавна администрација | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, Катедра по Административно право и јавна администрација, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/VIII семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Борче Давитковски<br>Проф. д-р Гордана Лажетиќ<br>Проф. д-р Ана Павловска-Данева<br>Доц. д-р Дивна Илиќ-Димовски | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Завршени студии по право од прв циклус и упис на студии од втор циклус насока Административно право и Јавна администрација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Во рамки на предметот Антикорупциско право студентите од насоката Административно право и јавна администрација ќе се здобијат со можност да се запознаат со начинот на кој корупцијата е регулирана во правниот систем на Република Македонија, но и компаративно, со особен фокус на јавниот сектор (администрацијата). Студентите притоа ќе ја осознаат и институционалната рамка за сузбивање корупција: независни државни органи за сузбивање корупција во јавниот сектор (во Република Македонија: Државната комисија за спречување на корупцијата), внатрешни контроли (односно механизми за надзор), обвинителство и судство. За крај, тие ќе се запознаат и со најзначајните меѓународни акти, стандарди и иницијативи за сузбивање корупција во јавниот сектор [во рамки на Европската унија, Советот на | | | | |

| | |
|---|---|
| | Европа – Група на држави против корупцијата (ГРЕКО), ОЕЦД и слично. Оттаму, се очекува дека студентите ќе:<br>- ги зајакнат своите знаења во областа на антикорупциското законодавство, така што тие би биле подготвени не само да истражуваат на темата туку и да даваат правни совети и информации на жртви на корупција како и на други лица на кои им се потребни;<br>- разграничуваат корупција во јавниот сектор од корупција во приватниот сектор;<br>- ги познаваат управноправните механизми за сузбивање коруцпија кои се од претежно превентивен карактер (дисциплински постапки, постапки пред Државната комисија за спречување на корупцијата и нејзини прекршочни овластувања односно овластувања да иницира кривични постапки);<br>- направат дистинкција помеѓу методите за спречување судир на интереси од една страна и оние за спречување корупција во вршењето работи од јавен интерес од друга страна;<br>- стекнат познавања за заштита на укажувачи и лобирање.<br>Студентите ќе бидат остручени за идно вработување во јавните органи, Државната комисија за спречување на коруцијата, меѓународни (владини и невладини организации), односно судовите, обвинителството и сл., на работни места поврзани со сузбивањето корупција. |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамки на предметната програма се изучува антикорупциското право во Република Македонија, но и на меѓународно ниво, како посебна (специфична) правна гранка која во себе опфаќа, меѓу другото, управноправни правила. Имено, фокусот на Антикорупциско право е ставен на правната и институционалната рамка поврзана со корупцијата во јавниот сектор (администрацијата). Тоа, пак, го чини пред сè нужно запознавањето на студентите со концептот и феноменот корупција.<br>Имајќи го предвид реченото, студентите во рамки на предметната програма ќе се запознаат, најнапред, со поимот на корупција – класични легалистички, социолошки и други поимања. Непосредно потоа следи и типологијата на корупцијата, т.е. разграничувањето на корупцијата во јавниот наспроти корупцијата во приватниот сектор, определување на системската односно политичката корупција. Тоа ќе биде сторено земајќи ги предвид најзначајните теоретски согледувања, меѓутоа и современи меѓународни стандарди и акти особено донесени во рамки на Европската унија, Советот на Европа и Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Содржината ќе биде проткаена и со етичките норми или, поинаку речено, со прашањето која е релацијата помеѓу етиката и корупцијата (дали етичките кодекси можат да спречат коруптивни практики), со последиците по повод економијата, како и |

| | | |
|---|---|---|
| | со методите за мерење на корупцијата и перцепцијата на граѓаните во однос на овој феномен (особено земајќи ги предвид .<br>По општите напомени студентите ќе се запознаат и со позначајните меѓународни акти со кои се забранува корупција во јавниот сектор: Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (United Nations Convention against Corruption); Казненоправната конвенција против корупција на Советот на Европа (Criminal Law Convention on Corruption); Граѓанскоправната конвенција против корупција (Civil Law Convention on Corruption); Конвенцијата на ЕУ за борба против корупција која вклучува службени лица на Европските заедници и службени лица на земјите-членки (Convention on the fight against corruption involving officials of the European Communities or officials of Member States of the European Union) и слично. Понатаму следи запознавање и со домашната правна рамка во Република Македонија, што во себе ги опфаќа основите на: Законот за спречување на корупција; Законот за лобирање; Законот за заштита на укажувачи; Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка; Законот за организација и работа на органите на државната управа; Законот за Владата на Република Македонија; Законот за вработените во јавниот сектор како и Законот за административните службеници и други. Од овие прописи на студентите ќе им бидат посочени позитивноправниот поими на корупција, судир на интереси, лобирање, укажувач, како и поедините инкриминации.<br>Програмата е конструирана така за да посвети особено внимание на Државната комисија за спречување на корупцијата. Ќе бидат опфатени нејзиното устројство, надлежности и овластувања, начинот на работа како и обврските за пријавување или известување кои се пропишани за сите други органи. Меѓу другото, тука спаѓа: донесувањето на Акционен план на Државната комисија за спречување на корупција; давањето мислења на предлози на закони за спречување на корупцијата; покренувањето иницијативи пред надлежните органи за финансиско-материјално работење на политичките партии; покренувањето иницијативе за разрешување, распоредување, сменување или други мерки на одговорност на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал; покренувањето иницијативи за кривично гонење и слично.<br>Освен овој (независен) орган, достатно внимание ќе биде посветено и на обвинителството и судството. | |
| 12. | Методи на учење: | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Таа опфаќа интерактивни предавања со наставник, како и вежби. Студентите во текот на семестар ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии. Тие ќе имаат прилика да поставуваат прашања, а особено ќе бидат охрабрени да даваат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | свои коментари на прочитаната литература. Наставата ќе се изведува со помош на презентации, каде визуелно ќе бидат издвоени најсуштествените елементи на тематските единици.<br>Се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и сериозна партиципатција на студентите при нивното изведување. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 15 недели – 75 часа теоретска настава, 25 часа вежби и 100 часа домашно учење | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 часа вкупно/5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 25 часа вкупно, 1,7 неделно |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 часа вкупно/6, 7 часа неделно |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 80 бода | |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода | |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање** | Успешно авршена проектна задача, која е вреднувана | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на завршен испит** | | со минимум 11 бода | | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонски јазик | | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | | | |
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 2011 |
| | | 2. | Никола Тупанчески | Економско казнено право | Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2015 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Margot Cleveland (et. al.) | Trends in the International Fight against Bribery and Corruption | Journal of Business Ethics | 2009 |
| | | 2. | Suzan Rose-Ackerman | Corruption and Government: Causes, Consequences and Reform | Cambridge University Press | 1999 |
| | | 3. | Tina Søreide | Corruption and Criminal Justice: Bringing Together Economic and Legal Perspectives | Edward Elgar Publishing Inc. | 2016 |
| | | 4. | John Joseph Wallis | The Concept of Systematic Corruption in | National Bureau of Economic Research http://www.nber.org/p | 2004 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | American Political and Economic History | apers/w10952 | |
| | 5. | | | Закон за спречување на корупцијата | Службен весник на Република Македонија | бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015 и 148/2015 |
| | 6. | | | Закон за лобирање | Службен весник на Република Македонија | бр.106/2008 и 135/2011 |
| | 7. | | | Закон за заштита на укажувачи | Службен весник на Република Македонија | бр. 196/2015 |
| | 8. | | | Закон за спречување на судир на интереси | Службен весник на Република Македонија | бр. 70/2007, 114/2009, 6/2012, 153/2015 |
| | 9. | | | Кривичен законик | Службен весник на Република Македонија | бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015 и 97/2017 |
| | **10.** | | Закон за кривичната постапка | Службен весник на Република Македонија | бр. 150/2010, 100/2012, 142/146 |
| | **11.** | | Закон за организација и работа на органите на државната управа | Службен весник на Република Македонија | бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 |
| | **12.** | | Закон за Влада на Република Македонија | Службен весник на Република Македонија | бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 142/2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 13. | | Закон за вработените во јавниот сектор | Службен весник на Република Македонија | бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016 |
| | 14. | | Закон за административните службеници | Службен весник на Република Македонија | бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016,51 42/2016 и 11/2018 |
| | 15. | | Закон за финансирање на политичките партии | Службен весник на Република Македонија | Службен весник на Република Македонија бр. 76/2004; 86/2008; 161/2008; 96/2009; 148/2011; 142/2012 и 23/2013 |
| | 16. | | Закон за постапување по претставки и предлози | Службен весник на Република Македонија | бр. 82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015 |
| | 17. | Државна комисија за спречување на корупцијата | Упатство за управување со ризик од корупција | Државна комисија за спречување на корупцијата | 2016 |
| | 18. | Државна комисија за спречување | Водич за судир на интереси | Државна комисија за спречување на корупцијата | 2016 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на корупцијата | | | |
| | | 19. | Државна комисија за спречување на корупцијата | Насоки за ефективна истрага и казнување на дела на корупција | Државна комисија за спречување на корупцијата | 2016 |
| | | 20. | Државна комисија за спречување на корупцијата | Прирачник за заштита на укажувачи | Државна комисија за спречување на корупцијата | 2016 |